Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од непознат подносител, на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата доставена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4206/1 од 06.09.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување.

Предметот со архивски број 12-4206 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4206/1 од 06.09.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи во кои се изразени сомнежи за незаконска исплата на надоместок по основ на награда за 15 (петнаесет) вработени во ///. Според наводите, наградата се исплаќала постојано на исти лица, ангажирани со договор на дело за посебни достигнувања во работата. Докази кон пријавата не се доставени.

При разгледувањето на пријавата, со цел остварување на своите законски надлежности, ДКСК се обрати до означеното јавно претпријатие од кое побара

податоци, информации и документација кои се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба. Од страна на истото, доследно беше постапено, па со увидот во доставеното, се утврди дека означеното јавно претпријатие нема ангажирано лица по основ на договор на дело, од каде произлезе дека наводите во пријавата се во целост неосновани и неиздржани. Оттаму ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување, постапувањето по пријавата да се запре и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.